20251383038

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јули 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕНА ПОЈАВА НА ПОЖАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради зголемена појава на пожари.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на подрачјата од територијата на Република Северна Македонија кои се зафатени со кризната состојба и каде се манифестира причината од став 1 на овој член.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, кој ќе биде во постојано заседавање.

Главниот штаб при Центарот за управување со кризи до 9 јули 2025 година до 24.00 часот да подготви акциски план за превенција и справување со пожарите на подрачјата од член 1 од оваа одлука, целосен преглед на расположливи човечки и материјално – технички ресурси, како и план за координирано дејствување на подрачјата од територијата на Република Северна Македонија кои се зафатени со кризната состојба.

Член 3

Органите на државната управа да преземат мерки и активности, согласно прописите за управување со кризи.

Член 4

Постоењето на кризната состојба утврдена со оваа одлука ќе трае 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6773/5
8 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.